АФПЗРР
www.ipardpa.gov.mk

**АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ**

# УПАТСТВО ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ

## ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВА ОД ИПАРД ПРОГРАМАТА

АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ
ЈАВЕН ПОВИК 02/2014, ОКТОМВРИ 2014 СКОПЈЕ

# 1. ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИ

*Почитувани корисници,*

*Со цел олеснување на постапката за прибирање на понудите при подготвување на документацијата за поднесување на Барање за финансиска поддршка, во прилог е даден пример за тоа како треба да изгледа едно обраќање односно покана до производител/добавувач на стоки/услуги за доставување на понуда. Доколку понудите се приберат на овој начин сметаме дека ќе се избегнат голем дел од причините кои доведуваат до одбивање на барањето за финансиска поддршка.*

## I. ПОДАТОЦИ ЗА ИСПРАЌАЧОТ НА ПОКАНАТА ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ (БАРАТЕЛОТ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД ИПАРД ПРОГРАМАТА)

*Овој дел го пополнува барателот на финансиска поддршка. Пополнувањето може да биде рачно или компјутерски.  Барателот исто така е потребно да ја наведе и датата на испраќање на поканата и да стави печат и потпис од одговорното лице*

| | |
|---|---|
| ***Име/назив на испраќачот на поканата за поднесување на понуди (барателот на финансиска поддршка од ИПАРД Програмата):*** | |
| ***Адреса:*** | |
| ***Град:*** | |
| ***Држава:*** | |
| ***Телефон/факс:*** | |
| ***E-mail адреса:*** | |
| ***Број на јавен повик:*** | |

Дата на испраќање на поканата

Печат и потпис

_________________________

_________________________

## II. ОПИС НА БАРАНИТЕ ПРОИЗВОДИ/УСЛУГИ/РАБОТИ

*Во табелата дадена подолу, потребно е да ги внесете сите ставки кои се предмет на бараната инвестиција како и поединечните карактеристики во согласност со вашите потреби. Доколку сметате дека е потребно, можете да додадете колони во оваа табела ( на пример за количина,преферирана земја на потекло и сл.). Доколку располагате со документи со кои дополнително се објаснети вашите побарувања во однос на предметот на инвестиција, истите доставете ги во прилог на оваа покана до добавувачот. Најчесто вакви документи се: технолошки проект, основен проект во кои што треба да се вклопи бараната опрема, предмер-пресметка во случај на градба и др.*

Почитувани,
Со оваа покана, Ве покануваме да ни доставите понуда за следниве производи / работи / услуги:

| ***Реден број*** | ***Назив на опремата/услугата/*** | ***Потребни карактеристики на бараната опрема (марка, тип, модел, капацитет,моќност, дополнителни елементи )*** |
|---|---|---|
| ***1.*** | | |
| ***2.*** | | |
| ***3.*** | | |
| ***4.*** | | |
| ***5.*** | | |
| ***6.*** | | |
| ***7.*** | | |
| ***8.*** | | |
| ***9.*** | | |
| ***10.*** | | |

Во прилог на оваа покана се наоѓаат нашите барања за производот/услугата/работите и тоа:

- За производите кои претставуваат опрема или се дел од одредена производна линија Ви доставуваме наши барани карактеристики за опремата како и дел од технолошкиот проект каде е потребно да се вклопи бараната опрема
- За земјоделска механизација Ви доставуваме барани карактеристики согласно капацитетот и потребите.
- За бараните градежни работи ви доставуваме предмер пресметка без цени. Доставената предмер пресметка е дел од основниот проект врз основа на кој е добиено одобрението за градење и врз основа на кој планираме да ги изведеме бараните градежни работи.

## III. ПОДГОТВУВАЊЕ НА ПОНУДА

*Овој дел останува непроменет и служи за појаснување на правилата и критериумите дадени во ИПАРД Програмата.*

При подготвување на вашата понуда, Ве молиме да внимавате на следниве работи:

- Ценовните понуди издадени од Македонски добавувачи потребно е да бидат изразени во денари (МКД), а ценовните понуди издадени од странски добавувачи потребно е да бидат изразени во евра (ЕУР).
- Производите, услугите и работите назначени во вашата понуда, потребно е да бидат со потекло од земјите членки на Европската Унија (ЕУ) или земјите кориснички на Инструментот за претпристапна помош (ИПА), земјите од Европскиот инструмент за соседство и партнерство или земјите од Европската економска заедница (ЕЕА).
- Производите, услугите и работите мора да бидат потполно нови.

## IV. ЕЛЕМЕНТИ НА ПОНУДА И ПОТРЕБНИ ПРИЛОЗИ КОН ПОНУДАТА

*Во овој дел од поканата за прибирање на понуди се наоѓаат елементите кои се потребни да ги содржи понудата која треба да ви ја достават добавувачите. Потребните елементи се менуваат во зависност од тоа дали станува збор за странски или домашни добавувачи.*

Ве молиме вашата понуда да ги содржи следниве елементи:

- Информации за добавувачот на понуда (ЕДБ, жиро сметка, телефон, адреса на седиште/подружница, e-mail, веб страна и др. информации)
- Целосен назив на производот/услугата/работата
- Единица мерка
- Количина
- Единечна цена на производот/услугата/работата[1]
- Вкупна цена за производот/услугата/работата (количина*единечна цена)
- Цена за транспорт (доколку транспортот е вклучен во цената, истото да се назначи во понудата).
- Цена за монтажа (доколку монтажата е вклучена во цената, истото да се назначи во понудата)
- Вкупна цена на понудата (доколку понудата се однесува на повеќе од еден производ/услуга/работа)
- Дата на издавање на понудата
- Временски рок на траење на гаранцијата и можноста за техничко одржување
- Име на производителот на производите / Даватели на услугите / извршувачи на работите наведени во понудата
- Во прилог на понудата потребно е да ни доставите и Изјава за потекло на предметот на инвестиција содржан во понудите прибавени од производителот или добавувачот:

- За понудите кои се однесуваат за набавка на опрема/машини во изјавата за земја на потекло задолжително треба да се наведе и името/називот на производителот на соодветната опрема. Во Изјавата за земја на потекло јасно

[1] За добавувачи регистрирани во Р.Македонија, понудите треба да содржат единечни цени без ДДВ, процент на ДДВ и вкупна цена со ДДВ

треба да се наведе потеклото на соодветната опрема како финален производ а не земјата на потекло на материјалите односно компонентите од кои се состои соодветната опрема.

- За понудите кои се однесуваат за градежни активности во изјавата за земја на потекло задолжително треба да се наведе земја на потекло на градежните материјали кои ќе се користат при градбата.

- Во прилог на понудата е потребно да ни доставите и доказ за сопственичката структура на вашето претпријатие. Во зависност од земјата каде е регистрирано правното лице-добавувач, потребно е да доставите доказ-документ на кој јасно и недвосмислено ќе бидат наведени имињата на сопствениците[2].
- Понудата треба да има печат од добавувачот и потпис од директорот или друго овластено лице за издавање на понудата
- Во прилог на понудата,Ве молиме задолжително да доставите детална техничка спецификација, која содржи дата на издавање како и број на понуда за која се однесува оваа техничка спецификација.
- Во прилог на понудата потребно е да доставите Лиценца за изведување на градежни и градежно – занаетчиски работи (само во случај доколку инвестицијата вклучува градежни активности)

**НАПОМЕНА:**
При подготвување на Вашата понуда, Ве молиме да се придржувате на горенаведените наши барања за изгледот и содржината на понудата.
Ве молиме, копија од оваа покана потпишана од Ваша страна, заедно со оригинал понуда издадена од Ваша страна со сите потребни прилози да ги доставите до адресата на подносителот наведена на страна 1.

Назив на добавувачот　　　　　　　　Потпис и печат

___________________________　　　　___________________________

[2] Овие документи најчесто се издаваат од страна на централните регистри, трговските комори, трговски судови и др. Доколку понудувачот е акционерско друштво, потребно е да се достави Листа на Акционери издадена од Централен депозитар за хартии од вредност – Скопје.

# 11. НАПОМЕНИ И ДЕФИНИЦИИ

*Почитувани корисници,*
*Овој дел не се испраќа до добавувачот туку служи исклучиво како дополнително појаснување на одредени термини кои треба да ви помогнат при прибирање на понуди кои ги исполнуваат критериумите дадени во ИПАРД Програмата. Дефинициите кои се користат се превземени од „Уредбата за начинот и постапката за користење на финансиска поддршка за мерките за рурален развој финансирани од компонента V- ИПАРД од инструментот за претпристапна помош ИПА.“*

## Б.1. НАПОМЕНИ И ПРЕПОРАКИ

- При прибавување на понудите барателот посебно да обрне внимание истите да бидат обезбедени од „независни понудувачи“ кои меѓусебно и/или со барателот не се поврзани со капитални, семејни и врски на вработување односно управување на правните лица.
- Во случај на градежни работи, добавувачот е потребно да поседува лиценца за изведување на градежни и градежно – занаетчиски работи.
- Во случај кога инвестицијата вклучува набавка на опрема, Агенцијата го задржува правото да побара дополнителни документи со кои ќе се докаже дека добавувачот е регистриран за вршење на соодветна дејност поврзана со опремата која е предмет на инвестиција. Како доказ дека добавувачите се занимаваат со продажба на бараната опрема, може да доставите список на претпријатија каде добавувачот веќе има инсталирано опрема која е предмет на набавка од Ваша страна, доказ за претходно извршена продажба на бараната опрема, доказ дека добавувачот е авторизиран за продажба на бараната опрема (договор за застапништво, дистрибуција и сл.), доказ за претходно направен увоз и продажба на бараната опрема и сл.
- При прибавување на понудите барателот посебно да обрне внимание истите да бидат споредливи по техничка спецификација или по краен производ односно по краен резултат. Во однос на набавка на трактор понудите потребно е да бидат споредливи пред се во однос на моќноста со отстапка од +- /5 КС, ист пренос на погонот на сила (предна или задна влеча) и опременост со или без кабина.
- Во случај на инвестиции во градежни активности за доизградување на објект кој е во фаза на изградба односно не претставува функционална целина, понудите треба да се изготват врз база на одобрената предмер пресметка со исклучок на износот за реализираните градежни активности согласно Времена ситуација за изградениот дел од објектот.

- Склучен/и договор/и со изведувачи на градежни работи како активности поврзани со уривање, земјани работи, бетонирачки активности, ѕидарски активности, дрвенарија, фасадерски активности, активности за кровни конструкции, лимарски активности, активности за поставување на керамички елементи, столарија, молерски активности, браварија, активности што вклучуваат камен, инсталатерски активности и други активности од ова Упатство значат започнување на инвестицијата и истата не е прифатлива за ко-финансирање.

- Склучен/и договор/и со добавувачи за набавка на добра и услуги поврзани со набавка на материјали, опрема и сите други планирани инвестициски активности дефинирани како прифатливи специфични трошоци по различни типови на инвестиции од ова Упатство значат започнување на инвестицијата и истата не е прифатлива за ко-финансирање.

- Склучување на договори за општи трошоци, како што се изработката на деловен план, изработка на проектна и друга техничка документација, надомест за консултантски услуги, изработка на физибилити и слични студии, купување на патентни права и лиценци не се смета за започната инвестиција и истите се прифатливи.

- Изработувачите на „општите трошоци“ не смеат да се јават како понудувачи на предметот на инвестицијата, независно дали е избрана нивната понуда или не.

- Листата на земји кои го исполнуваат критериумот од ИПАРД Програмата во поглед на потеклото на предметот на инвестицијата се наоѓа во делот за ГЕНЕРАЛНИ НАПОМЕНИ од Упатството за корисници

## Б.2. КОРИСНИ ДЕФИНИЦИИ

- Под “капитална поврзаност” се подразбира директно или индиректно поседување, контролирање или држење на 5% или повеќе акции или емитувани удели со право на глас, од страна на еден субјект во друг.

- Под „семејна поврзаност“се подразбира поврзаност преку лица кои се сметаат за членови на исто семејство и се во следново сродство: маж и жена; родител и дете; брат и сестра (било целосно или полукрвно сродство); баба или дедо и внуци; чичко, вујко, тетин, стрина, вујна или тетка и внук или внука; родители на сопружниците и зет или снаа; девер, шура или баџанак и јатрва, снаа, золва или шура.

- Под „врски на вработување, односно управување на правните лица“ се подразбира исти лица кои се јавуваат како одговорни лица или вработени лица во два субјекти, или еден од нив директно го контролира другиот, двајцата се директно или индиректно контролирани од страна на трето лице, тие заедно директно или индиректно го контролираат трето лице.

- Под „инфлаторирање на цени“ се подразбира пропорционално зголемување на цените на ставките во споредливите понуди кои се доставени од страна на барателот.
- Под “споредливи понуди” се подразбираат оние понуди кои можат да се споредат по техничка спецификација или по краен производ односно по краен резултат.

АФПЗРР

**АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ**

**Информации може да се добијат на следната адреса:**

**бул. Трета Македонска Бригада бр. 20**
**Зграда на Македонија Табак блок Ц**
**1000 Скопје, Република Македонија**

| | |
|---|---|
| **Телефон:** | **02/ 3097 460** |
| **Факс:** | **02/ 3097 454** |
| **Е-пошта:** | **ipardpa.info@ipardpa.gov.mk** |
| **Интернет страна:** | **www.ipardpa.gov.mk** |